Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 11/1-460/37
01.12.2020 год.
Скопје

# Записник од 15-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Примено: / E pranuar: 01.12.2020
11/1-460/37

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online електронска седница | | |
| **Датум** | 18.11.2020 година | **Време** | 14.00 – 15:30 часот |
| **Бр. на седница** | 15-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>3. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Сашко Стојковски, Николче Мицкоски, Милан Николовски (независни експерти) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески(МИОА), Владимир Соколов (МИОА), Букурије Јашари(МИОА), Владимир Радосављевиќ (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 26.10.2020 година.
2. Прогрес во прибирањето на податоци од страна на АЕК од операторите во однос на процесот на:
    - ажурирање на белите, сивите и црните зони
    - користење на услугата пристап до бродбенд на ниво на населено место (од аспект на брзина и технологија)
3. Подобрување на веб страната на НКБК и податоците кои се прикажуваат.
4. Добивање на официјални е-маил адреси за членовите на НКБК.
5. Потреба од анализа на добиените предлози за локации за бесплатни WiFi точки од страна на локалните самоуправи.
6. Разно

## БЕЛЕШКИ

Петнаесеттата седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) која се одржа online ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата беше утврден предложениот дневен ред, кој едногласно беше усвоен.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 14-та седница, одржана на 26.10.2020 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во врска со втората точка која се однесува на прогресот во прибирањето на податоци од страна на Агенцијата за електронски комуникации, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, информираше дека на седницата бил поканет Борис Арсов, раководител на Сектор во АЕК, надлежен за процесот на ажурирање на белите, сивите и црните зони и за процесот на мапирање во однос на користењето на услугата за пристап до бродбенд (по брзина и технологии). Поради неговото неприсуство на седницата, претседателот на НКБК Буковалов, го одложи разгледувањето на точката за наредна седница.

**За третата точка од дневниот ред,**

Претседателот на НКБК Буковалов, во рамките на третата точка која се однесува на

ажурирањето и дизајнот на веб страната на Националната канцеларија за бродбен компетентност (http://bco.mioa.gov.mk), потенцира дека од страна на кабинетот на министерот е укажано дека е потребно подобрување на web страната на НКБК, како и тоа дека треба да се изврши миграција од серверот на ФИНКИ на серверот на МИОА.

**Заклучок 1:** Да се спроведат активности околу миграција на web страната на НКБК од серверот на ФИНКИ на серверот на МИОА со подршка и помош на членот на НКБК Боро Јакимовски.

**Заклучок 2:** Националната канцеларија за бродбенд компетентност НКБК да достави допис до министерот за информатичко општество и администрација, со барање МИОА да обезбеди редизајн на веб страната на НКБК.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

По однос на четвртата точка, Буковалов информираше околу потребата за добивање на официјални е-маил адреси за членовите на НКБК. На тоа се надоврза Анастас Мишев истакнувајки дека треба да се добијат дополнителни информации за новите е-маил адреси, односно дали ќе бидат како посебен домен во форма име.презиме@bco.mk или како поддомејн на миоа т.е име.презиме@bco.mioa.gov.mk, дали ќе има можност за автоматско форвардирање на друга емаил адреса, итн.

**Заклучок:** Секторот за комуникации при МИОА да преземе активности заедно со ИТ службата на министерството, со цел добивање официјални е-маил адреси за членовите на НКБК.

**За петтата точка од дневниот ред,**

Во врска со петтата точка која се однесува на потребата од анализа на добиените предлози за локации за бесплатни WiFi точки од страна на локалните самоуправи, претседателот на НКБК, Буковалов, истакна дека при анализата треба да се земат предвид Препораките за обезбедување бесплатен државен wifi на отворени јавни површини на НКБК, како и да се земат во предвид локациите на туристички дестинации, а согласно Националната стратегија за туризам и останатите јавни/комерцијални web страници. Исто така истакна дека е потребно да се земе предвид и покриеност со 4Г сигнал, како и податоците за белите зони. Буковалов предложи Секторот за комуникации при МИОА да започне со подготовка на анализа на добиените предлози за локации за бесплатни WiFi точки од страна на локалните самоуправи.

Членовите на НКБК, Славица Настеска, Зоран Дервишов и Сашко Мукаетов истакнаа дека можат да помогнат околу подготовката на анализата.

**Заклучок**: Секторот за комуникации при МИОА во соработка со членовите на НКБК, да

започне со подготовка на анализа на добиените предлози за локации за бесплатни WiFi точки од страна на локалните самоуправи.

**За шестата точка од дневниот ред,**

Под точка Разно, Буковалов информираше околу активностите како и околу планираната динамика за отпочнување на изработка на Студија за изводливост за изградба на НТОМ мрежа, а во соработка со ВБИФ и Светска Банка.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов**